# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Вторник, 12 Март 2013 година Број 5/2013 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 6023073000000 |


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за измена и ополнување на Одлуката за определување финансиски средства за санирање на последиците од поплавата во општина Радовиш бр. 07-474/1 од 28.02.2013 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за определување финансиски средства за санирање на последиците од поплавата во општина Радовиш бр. 07-474/1 од 28.02.2013 година, број 07-533/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 12.03.2013 год.

Бр. 08-533/2 Градоначалник на
12 Март 2013г. Општина Радовиш
Радовиш Д-р Роберт Велков с.р.

Врз основа на член 21 т.43 од Статутот на општина Радовиш Советот на општина Радовиш на итна седница одржана на 12.03.2013 год., донесе

ОДЛУКА
За измена и дополнување на Одлуката за определување финансиски средства за санирање на последиците од поплавата во општина Радовиш бр.07-474/1 од 28.02.2013 год.

член 1

Со оваа Одлука се предвидуваат дополнителни финансиски средства од Буџетот на општина Радовиш, во висина од 2.000.000 денари за санирање на последиците од направената штета од невремето во општина Радовиш, кои се утврдени дополнително по повлекување на водата.

Средства се наменуваат за санирање на штетите на патната инфрастуктура кон оштетените населени места.

член 2

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Радовиш“

Бр. 07-533/1 Совет на општина Радовиш
12 Март 2013 г. Претседател
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за измена на расоредот на средствата во Буџетот на општина Радовиш за 2012 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општинаРадовиш за 2013 година, бр. 07-534/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 12.03.2013 год.

Бр. 08-534/2 Градоначалник на
12 Март 2013г. Општина Радовиш
Радовиш Д-р Роберт Велков с.р.

Врз основа на член 36 ст. 1 т. 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година) и член 34 од Законот за Буџетите ( Сл. Весник на РМ бр. 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012) и член 21, т.4 од Статутот на ЕЛС Радовиш (Службен гласник на општина Радовиш бр. 5/2005 година), Советот на ЕЛС Радовиш на седницата одржана на 12.03.2013 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Радовиш за 2013 година

член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Радовиш за 2013 година и тоа на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| **А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 413110 Тековни резерви (разновидни расходи) | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JD0 ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ** | | | | | |
| 482920 Изградба на други објекти | - 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

член 2

Одлуката влегува во сила од денот на донесување и станува составен дел на Буџетот на општината за 2013 година а ќе се објави во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 07-534/1 Совет на општина Радовиш
12 Март 2013 г. Претседател
Радовиш Сашко Николов с.р.

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за определување финансиски средства за санирање на последиците од поплавата во општина Радовиш бр. 07-474/1 од 28.02.2013 година--------------------- 1
ОДЛУКА За измена и дополнување на Одлуката за определување финансиски средства за санирање на последиците од поплавата во општина Радовиш бр.07-474/1 од 28.02.2013 год.------------------------ 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за измена на расоредот на средствата во Буџетот на општина Радовиш за 2012 година ---------------------- 1
ОДЛУКА За измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Радовиш за 2013 година----------------------- 2